**Агенција за поддршка на претприемништво**
**на Република Македонија**

# ПРАВИЛНИК

ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА

Септември 2016 година
Скопје

Врз основа на член член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 ,199/14 и 27/16) Директорот на Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Македонија, на ден 16.09.2016година донесе,

# П Р А В И Л Н И К

## за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Македонија

### Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во глава IV – Опис и попис на работните места во Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија , во точка 2 - Сектор за институционална поддршка, меѓународна соработка и развој на програми, во потточка 2.1- Одделение за јакнење на капацитетот на мрежата на институции за поддршка на мали и средни претпријатија, работното место под реден број 13 се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| **2.Сектор за институционална поддршка,меѓународна соработка и развој на програми** | |
| **2.1.Одделение за јакнење на капацитетот на мрежата на институции за поддршка на мали и средни претпријатија** | |
| **Реден број** | 13 |
| **Шифра** | УПР 01 01 В04 000 |
| **Ниво** | Стручен IV ниво |
| **Звање** | Помлад соработник |
| **Назив на работно место** | Помлад соработник за промоција на институционалната поддршка |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Економски науки, правни науки , организациони науки и управување(менаџмент) |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Спроведување на одредени функции од делокруг на одделението |
| **Работни задачи и обврски** | -извршува работи и задачи што се однесуваат на промоцијата на активностите од сферата на јакнењето на капацитетот на институциите за поддршка на мали и средни претпријатија, под упатства и надзор на раководителот на одделението;<br>-подготвува материјали и информации за промоција на институционалната поддршка на национално и меѓународно ниво;<br>-ги ажурира базите на податоци неопходни за работата на одделението;<br>-учествува во стручни анализи на прашања кои се од значење за примената на законодавството од областа која ја покрива;<br>-учествува во стручни анализи, информации и други материјали за работни тела;<br>-учествува во работни тимови за реализација на проекти на Секторот, односно Агенцијата. |

## Член 2

Во точка 3 од Правилникот - Сектор за промоција на претприемништвото, истражување и информатичка поддршка, во потточка 3.1- Одделение за развој и промоција на претприемништвото и мали и средни претпријатија, работното место под реден број 21 се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| 3.Сектор за промоција на претприемништвото, истражување и информатичка поддршка | |
| 3.1.Одделение за развој и промоција на претриемништвото и мали и средни претпријатија | |
| **Реден број** | 21 |
| **Шифра** | УПР 01 01 В04 000 |
| **Ниво** | Стручен IV ниво |
| **Звање** | Помлад соработник |
| **Назив на работно место** | Помлад соработник за промоција на претприемништвото |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Економски науки,еколошки науки и организациони науки и управување(менаџмент) |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Спроведување на одредени функции од делокруг на одделението |
| **Работни задачи и обврски** | -ги извршува работите и задачите што се однесуваат на реализацијата на програмите и проектите од сферата на промоцијата на претприемништвото и малото стопанство;<br>-учествува во подготовката на материјали и презентации за промоција на претприемништвото и малото стопанство на национално и меѓународно ниво;<br>-учествува во подготовка на настани за промоција на претприемништвото;<br>-учествува во прибирањето на информациите за малото стопанство;<br>-врши дисеминација на резултатите од проектите;<br>-ги ажурира базите на податоци неопходни за работата на одделението;<br>-учествува во стручни анализи, информации и други материјали за работни тела |

## Член 3

Соодветно на извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и во Табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 4

Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Македонија, влегува во сила со денот на донесувањето ,а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Директор,

Мустафа Мандал

-----------------------------

Број 04-448/1
16.09.2016година

Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија
АППРМ
СКОПЈЕ